## ЛЕШОК, МЕСТОПОЛОЖБА

Селото Лешок се наоѓа во Долни Полог, во југоисточното подножје на Шар Планина, 7 километри североисточно од градот Тетово и на 45 километри западно од Скопје во Република Македонија. Македонија географски е сместена на Балканскиот полуостров и на Европскиот континент. Република Македонија до 1990 година беше федераллна единица во состав на Југословенската федерација, а денес е самостојна и независна држава, со можност набрзо да биде примена и во Европската унија.
Лешок се наоѓа во северозападна Македонија и селото е лоцирано на падините на Шар Планина.
Лешок има добра сообраќајна поврзаност. Населбата е поврзана со магистралниот пат Тетово-Јажинце, граничен премин на околу 17 километри, а Лешок е поврзан и со локалниот пат Лешок-Желино, од околу 6 километри и поврзан е со локален пат и со Јегуновце, преку Жилче и Шемшово околу 7 километри, а низ Лешок поминуваат планинските локални асвалтни патишта за Варвара и за Брезно и Јелошник.




(Карта на Македонија,1913, направил Димитрие Чупоски,Папрадиште, во Санк Петерсбург, Русија)
(Lesok and Map of Macedonia, which is made in 1913, by Dimitrie Cuposki, in Saint Petersburg, Russia )



( Туристичка мапа на Македонија и црквите Св. Богородица и Св. Атанасие од Лешок )
( Tourist map of Macedonia and churches the Virgin Mary and St. Atanasie - Lesok )

Во завршна фаза е изградбата на патот Скопје-Радуша-Јегуновце по течението на реката Вардар преку Дервенската клисура, при што, патот ќе се скрати за преку 10-

на километри и многу побрзо луѓето од Лешок и Долни Полог ќе комуницираат со главниот град Скопје.

Јужно од Лешок во полошката низина кај Ратае поминува Железничката линија Скопје-Кичево и многу години наназад имаше железничка станица Ратае, која е укината, но, верувам дека со приватизацијата на Македонските железници, повторно ќе се отвори железничката станица Ратае.

# Шар Планина–национален парк

● (ПОВОД: ДЕЛУМНОТО ВКЛУЧУВАЊЕ, САМО НА ЈУЖНИОТ ДЕЛ, НА ШАР ПЛАНИНА ВО НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК МАВРОВО)

Поминаа веќе еден месец од 5 јуни Светскиот ден за заштита и унапредување на човековата средина. Се укажа убава можност да сумираме што се направило во нашата Република за да ја зачуваме и да ја унапредиме природата што не опкружува.

Познато е дека во целиот свет расте свеста за заштита на човековата средина, при што се склучени разни меѓународни конвенции и договори, формирани се разни здруженија на љубители на природата, а во одреден број земји се организирани и еколошки движења, кои прераснаа дури и во политички партии со силно влијание. Во последно време нараснa свеста за решавање на еколошките проблеми и меѓу балканските земји, што е сериозно за поздравување, а може да се забележи дека зајакна свеста и во нашата земја, односно во нашата Република.

Сведоци сме за реагирањето на нашата јавност за трагедијата што се случи со Дојранското Езеро, испуштањето отровни материи во Вардар, Пчиња и други неразумни загадувања и уништувања на природата, кои се случија последниве години. Свежо е донесувањето на Законот за забрана на изградба на нуклеарни електрани до 2000-та година во нашата земја, покрај многу други мерки кои се преземени во таа област. Имено, мерки се преземаат на разни штитови и во разни средини за да се заштити воздухот, почвата и водата, потоа за заштита од неразумното користење и уништување на растителниот и животинскиот свет, за заштита на бучавата, за спречување изградба на објекти кои не се вклопуваат во просториите и животните услови итн.

Во СР Македонија, колку што ми е познато, донесени се и два закона за заштита на природата: Законот за заштита на природните реткости („Службен весник на СРМ" бр. 41/73, 42/76, 25/77 и 33/80), и Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ бр. 33/80). Покрај основните законски регулирања во оваа област, во нашата Република постојат и одредени здруженија, институции и поединци кои се за должени за заштитата на човековата средина, но дали сите тие, во рамките на нивните надлежности и задолженија, ги преземаат сите мерки за заштита на „божествената убавина". Познато е дека со споменатите закони се ставени под заштита повеќе природни реткости во СР Македонија. Во тая смисла направени се убави потези што за националните паркови веднаш по ослободувањето се прогласени Пелистер — 1948, Маврово — 1949 и Галичица — 1958 година и се ставени под посебна заштита. Колку што ми е познато, во рамките на националниот парк — Маврово влезен е само мал дел од Јужна Шар Планина.

Мене лично не ми се познати мотивите и критериумите со кои во рамките на Националниот парк Маврово тогаш е вклучен само јужниот дел на Шар Планина. На мислење сум дека не смеело ни тогаш, а ни сега не смее да се дели Шар Планина. Зар може да го заштитуваме само еден мал дел од Шар Планина, а да ги заборавиме и да не ги земеме во заштита прекрасните места и предели како што се Попова Шапка, Јелак, Љуботен, Плоча, Три Води, Шипковица и многу други извонредни предели на Шара, кои обилуваат со автентична природа, со редок растителен и животински свет, потоа со извонредни геолошки, геоморфолошки, хидролошки и други карактеристики, како и историското, културното, научното, а пред се, националното значење кое го има за македонската нација. Зар има потреба да се потсетуваме дека во минатото како величана во песните и како национална гордост и непокор е токму Шар Планина, а автохтоната и ретка раса на овчарски кучиња — шарпланинци е позната во целиот свет. Ќе дозволиме ли Шар Планина и понатаму да биде „распушната" и ќе бидеме ли рамнодушни ако се претвори во шумско стопанство за експлоатација на дрва и чакал и ако грубо се нарушува природата создавана со милениуми?



Верувам дека ова мое јавување ќе ја разбуди свеста како кај граѓаните, така и кај надлежните фактори и институции, а посебно во собранијата на општините Гостивар и Тетово, кои согласно чл. 7 од Законот за националните паркови се овластени да покренат иницијатива конечно Шар Планина да се прогласи за национален парк во целата должина, бидејќи тоа е од општ интерес за општествената заедница.

Се надевам дека ќе биде исправена грешката која се направи во 1949 година и дека Шар Планина, повеќе нема да биде „распукана", оставена на неразумни уништувања, само поради нашата неодговорност несовесност и небудност.

Митко Спироски — Лешочки Скопје

( Напис на Митко Спироски за Шар Планина, Нова Македонија од 12.07.1989 г.-Извор: ред. бр. 70 )
( Article by Mitko Spiroski of Dappled Mountain- Shar Planina, journal New Macedonia , 12.07.1989-Source: No.70 )

Инаку, во изминатите векови низ Лешок и покрај Лешочката река поминувал стариот коњски пат од Скопје, Радуша, Лешок преку Плоча и местата Преслап, Појатишта и Аништа за Призрен. Јас, верувам и очекувам дека во блиска иднина низ Лешок ќе поминува нов асвалтен пат за Призрен и дека кај местото Појатишта и Аништа на врвот Плоча на Шар Планина, ќе се отвори и граничен премин кон Косово, а, посебно со пуштањето на новиот асвалтен пат Скопје-Радуша-Јегуновце. Дај боже да го доживеам пуштањето на патот и граничниот премин од Лешок-Појатишта или Аништа преку Шара до Призрен во Косово.

Лешок е лоциран северно од Екваторот, на 42$^{o}$ 04’ 00”, и источно од Гринич, на 18$^{o}$ 41’ 65”.

Лешок на север се наоѓа на подножјето на Шар Планина, кон југоисток и југ кон Полог. Во Лешок куќите се лоцирани од најниското до највисокото место, некаде помеѓу 450 м.н.в., до 700 м.н.в.
Највисоките делови од Шар Планина во пролет, а дури и во лето се под бела снежна покривка, а со поглед од Полог може да се види шаренило од бел снег и зелени и разни бои на површини, за што и народот ја нарекол Шар Планина. Во античко време на Филип I I Македонецот и Александар Македонски, македонската држава на север се протегала до и околу Шар Планина, која била наречена Скард-Skardus.



(Фото:Митко Спироски,Април 2006, Поглед на Лешок и врвот Плоча на Шар Планина-Скардус од Полог во Жилче)
(Photo: Mitko Spiroski, April, 2006, View to Lesok and hill Ploca, Shar Planina-Skardus of Polog from Zilce )

Од месноста Плоча на Шар Планина извира Лешочката Река, поминува покрај Лешечкото кале, дел од реката тече низ Лешок и дел се спушта од исток кон соседното село Слатина. Во пролетниот период кога водотекот е поголем Лешочката Река се слева во Вардар, кај Копанце.
Лешок, просто лежи на вода и во утробата на земјата под селото има неколку жици на вода кои се слеваат од врвовите на Шар Планина и кај да се копне неколку метри се појавува вода. Денес има четири извори на кисела вода во Бања и Млака.

Лешок со местоположбата, надморска висина, бујната вегетација со зелени ливади, и високи дрва, реката, изворите, благиот, свеж и преполн со кислород ветер кој доаѓа од Шара и многу други поволности на локацијата на Лешок, е права воздушна бања за уживање на здравите, но, и одлично место за рехабилитација на болни од разни зболувања, а посебно на белодробните и дишни заболувања. Не, случајно во Лешок е изградена Болница за ТБЦ уште во 1946 година и истата успешно работи повеќе од 60 Години и преку неа се излечени и рехабилитирани повеќе илјади лица.
Лешок се граничи со селото Слатина, од источната страна, а на запад се граничи со селото Непроштено.




(Лешникот,извор-симбол на името Лешок,календарче за 2002,Здружение ЛЕШОК, Извор: ред. бр.140)
(The hazel-nut, sourc-simbol of the name Lesok, calendar for 2002 , Asociation LESOK, source: No.140 )

Лешок на југ се граничи со селото Жилче и Ратае, а на север се граничи со планинските села Варвара и Брезно.
Селото Лешок и неговиот селски атар се простира еден дел од шарпланинската падина и еден дел од Полошката Рамнина, при што атарот на Лешок се граничи со атарите на околните села Слатина, Брезно, Варвара, Непроштено, Ратае и Жилче.




(Скица, 2008, Лешок,Локацијата на родот Онуфриевски-Лалошои-Главинои, во Старо маало-Бакар маало )
(Map, 2008, Lesok, Location of the kin Onufrievski-Lalosoi-Glavinoi in Old quarter( maalo)-Copper quarter-maalo )



(Лешок, 21.10.2007,Кале )
(Lesok, 21.10.2007,Kale )



(Лешок,Октомври .2007,Кале, Срeќко Божиновски-Кеко-Јуре и Крсто Петковски-Станче)
(Lesok,Oktober .2007,Kale, Sre}ko Bozinovski-Keko-Jure i Krsto Petkovski-Stance)